Точка на дневен ред: **3**
Предлагач: **Акционери**

## Материјал за Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

### Предлог-одлука за повторно именување (реизбор) на независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Акционерите му предлагаат на Собранието на акционери да ја усвои следната

### Одлука за повторно именување (реизбор) на независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Во прилог:

- Предлог-одлука за повторно именување (реизбор) на г. Зоран Јовановски за независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

Скопје, ноември 2023 година

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на ден 29.11.2023 година, ја донесе следната

## Одлука за повторно именување (реизбор) на независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје

1. За независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје повторно се именува:

   - Зоран Јовановски, со живеалиште на ул. Димче Мирчев бр. 18-20, Скопје - Центар, Р Северна Македонија, магистер по економија.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.
   Мандатот започнува од 31.03.2024 година.

3. Се овластува Адвокатската канцеларија „Радојчиќ“ од Скопје да ја поднесе пријавата за упис на избраниот независен член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар.

4. Оваа одлука влегува во сила по добивање согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за именување на независен член на Надзорниот одбор.

Во Скопје, 29.11.2023 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат
Народна банка на Република Северна Македонија
Трговски регистар

Претседавач
на Собранието на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

## Образложение

Повторното именување (реизбор) на г. Зоран Јовановски за независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје се остварува поради истек на неговиот мандат за независен член на Надзорниот одбор на Банката, што истекува на 30.03.2024 година.

Имено, г. Зоран Јовановски е именуван за член на Надзорниот одбор со одлука на Собранието на Банката на ден 16.01.2020 година, што стапила на сила по добивање претходна согласност од НБРСМ за именување на предложеното лице за член на Надзорниот одбор на Банката.

Исто така, согласно со Политиката за оценка на адекватност на носителите на клучни функции на НЛБ Банка и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка од 06.02.2018 година, спроведена е позитивна оценка на соодветноста на г. Зоран Јовановски за реизбор на независен член на Надзорниот одбор на Банката (индивидуална и колективна оцена).

Во согласност со Законот за банките и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор мора да бидат независни членови. Со цел исполнување на законската обврска и остварување континуитет на составот од Надзорниот одбор на Банката, се предлага именување на предложениот кандидат за независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

**Зоран Јовановски**

**Лични податоци**

- Роден во Белград, Србија, на 08.01.1965 година
- Оженет

**Образование**

- *Дипломиран економист*, Економски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Скопје, 1988 година
    - финансиско-сметководствено-банкарска насока
- *М-р по бизнис економија*, Универзитет на Арканзас, Феетвил, САД, 1997 година
    - еден семестар завршен на Индијана Универзитот, Блумингтон, САД,
    - корисник на целосна двегодишна стипендија „Рон Браун" од САД

**Професионална обука**

- Учество на многубројни обуки, семинари и конференции, меѓу кои:
    - Меѓународен Монетарен Фонд (10 недели во Вашингтон, САД)
    - Универзитет ИНСЕАД, Фонтенбло, Франција (едукативна програма за извршни банкарски директори, 4 недели)
    - Светска банка (Вашингтон, САД)
    - Банка за меѓународни порамнувања (BIS), Базел, Швајцарија
    - Централни банки на различни земји, вклучително на Англија, Австрија, Швајцарија
    - Јапонска Агенција за меѓународна соработка, Јапонија (3 недели)
    - Агенција за трансфер на финансиска технологија, Луксембург
    - Универзитет Харвард, Бостон, САД (2 недели)

**Професионална кариера**

- Народна банка (10,5 години)
    - <u>Монетарна политика (</u>Заменик-директор на Дирекција за истражување, Советник-координатор на гувернерот)
        - Раководител на активностите за хармонизација на монетарната статистика со методологијата на ММФ
        - Учесник во економски истражувања, изработка на проекции и дизајнирање на монетарната политика
        - Учесник во операционализација на монетарната политика како член на Комитетот за оперативна монетарна политика (КОМП) и Комитетот за управување со девизните резерви
        - Учесник во тимовите на банката за преговори со мултилатералните финансиски институции и учесник на бројни Полугодишни и Годишни средби на Меѓународниот Монетарен фонд и Светската банка во Вашингтон, САД.
        - Претставник на банката во road-show тимот за емисија на првата еврообврзница на државата

- Банкарска супервизија (Генерален директор на новоформираниот Сектор за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност, со повеќе од 50 вработени, директно одговорен пред гувернерот)
  - Раководител на процесот на комплетна реорганизација и трансформација на овој организациски дел на банката
  - Иницијатор и координатор на изработката на првиот Годишен извештај за финансиската стабилност
- Други активности во Народна банка
  - Претставник на Народна банка во државниот Управувачки комитет за пензиски реформи - успешно дизајниран премин кон пензиски систем со повеќе столбови

- Стопанска банка ад Скопје (5,5 години)
  - Носечка улога во процесот на голема реорганизација на банката по преземањето од Националната банка на Грција
    - Извршен директор за специјални прашања
    - Директор на Секторот за работа со странство
    - Директор на Секторот за корпоративно работење

- Комерцијална банка ад Скопје (8,5 години)
  - Главен економист на банката

- Еуро-Мак Компани ДОО, Скопје (7 месеци)
  - Бизнис координатор

- Стопанска Комора на С.Македонија (јануари 2019 - )
  - Потпретседател на Стопанската Комора и Советник на претседателот на Комората за макроекономски прашања и јавни финансии
  - Значајна улога во процесот на стратешка трансформација и реорганизација на Комората
  - Водач на тимот на Стопанската комора при конзорциумот на организации во проектот „Граѓаните против корупцијата", финансиран од УСАИД

**Други активности**

- Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ банка ад Скопје, членка на Нова Љубљанска банка д.д. Љубљана, Словенија (НЛБ Групација).
- Член на Управниот одбор на Винарска визба Тиквеш АД Скопје.
- Со-основач на Форумот за разумни политики.
- Со-сопственик на Еуро-Мак Компани ДОО, Скопје, издавач на бизнис магазинот „Економија и бизнис" (www.ekonomijaibiznis.mk).
- Член на тимот на експерти во проектот „Скрининг механизам за странски директни инвестиции" воден од Институтот за демократија Социетас Цивилис – Скопје и финансиран од CIPE.

- Член на глобалниот панел на експерти за ризик на земја на британскиот магазин Euromoney (по покана од Euromoney) во периодот 2016 – 2022. Euromoney ја укина таа бизнис активност во 2022 година.

Контакт информации:

Мобилен:+389 76 482 378

Мејл адреса: zoranjovanovski65@gmail.com

**ФОРМУЛАР-FORM**

За потребни податоци за кандидат за избор на член на Надзорен одбор/ For the necessary information for a candidate for appointment as a member of the Supervisory Board:

| | |
|---|---|
| Име и презиме/ Name and Surname | **Зоран Јовановски/ Zoran Jovanovski** |
| Број на акции што ги поседува во НЛБ Банка АД Скопје/ Number of shares held in NLB Banka AD Skopje | Не поседувам акции во НЛБ Банка АД Скопје |
| Број на акции што ги поседува во други друштва/ Number of shares held in other legal entity | Не поседувам акции во други друштва |
| Заеми и други обврски што ги има кон НЛБ Банка АД Скопје/ Loans and other obligations towards NLB Banka AD Skopje | Немам заеми и други обврски кон НЛБ Банка АД Скопје |

Под полна материјална и кривична одговорност ги потврдувам податоците запишани во овој формулар/ Under full material and criminal responsibility I confirm the data written in this form.

18.10.2023 година

(потпис на канидатот/signature of the candidate)